РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-4025/2
16-05-2022

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), ДКСК на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од познат подносител, на 67- та седница одржана на ден 13.05.2022 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-4025/1 од 24.11.2020 година доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата за предмет со иста фактичка состојба има донесено одлука со број 09-455/5 од 03.09.2021 година.

Предметот со број 09-4025/1 од 24.11.2020 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-4025/1 од 24.11.2020 година е оформен врз основа на пријава, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, против __________ - Државен правобранител за подрачјето __________.

Во пријавата е наведено дека при изборот на Државен правобранител за подрачјето на _________ и донесената Одлука од страна на Владата на РСМ на ден 13.11.2020 година, со која е назначено лицето ________ се повредени одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси затоа што, нејзино блиско лице (сопруг) е јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во ________.

При разгледувањето на содржината на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека за истата фактичка состојба донесена е одлука со број 09-455/5 од 03.09.2021 година.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Б.Џ., советник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: К.Н, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk